NATO
OTAN



# НАТО
# во 21-виот век

# Содржина



4-5 Реакција на новите закани по безбедноста



6-7 Корените на Алијансата



8-9 Крајот на Студената војна



10-11 Како функционира НАТО



12-13 Градење на безбедноста преку партнерства



14-15 Проширување на НАТО



16-17 НАТО на Балканот



18 Пошироките активности на НАТО



19 Трансатлантските односи



20-21 Трансформирање на Алијансата



22-23 Иднината

# Атлантската Алијанса

Организацијата на Северноатланскиот договор (НАТО) претставува трансатлантска врска која ги врзува Европа и Северна Америка во единствен одбранбен и безбедносен сојуз. Основната и трајната цел на НАТО дадена во Вашингтонскиот договор е да се штити слободата и безбедноста на сите нејзини членки користејќи политички и воени средства. За оваа цел НАТО обезбедува колективна одбрана за своите членки уште од нејзиното формирање во 1949 година. Исто така дејствува и како суштински форум за консултации по безбедносни прашања во интерес на своите членки и како суштински столб за мирот и стабилноста на Евроатлантската област.

Со крајот на Студената војна Алијансата превзеде нови фундаментални задачи вклучувајќи и градење на безбедносни партнерства со демократиите од цела Европа, преку Кавказ се до Централна Азија. Како одговор на промените во целокупната безбедносна средина Алијансата превзеде дополнителни обврски. Тие вклучуваат осврнување како на нестабилноста предизвикана од регионалните и етнички конфликти во рамките на Европа така и на заканите кои произлегуваат надвор од Евроатлантската област.

Денеска Алијансата е ангажирана во се поширок спектар на активности чија цел е да се промовира соработка со Русија, Украина и други земји надвор од НАТО и проактивно да се спротивставаат на новите безбедносни предизвици на 21-виот век како што се оние што ги наметнуваат меѓународниот тероризам и пролиферацијата на оружје за масовно уништување. Со цел да остане ефективна во одбраната и промовирањето на безбедноста во оваа нова безбедносна средина којашто се побрзо се менува, Алијансата е вклучена во тековната трансформација која влијае на сите аспекти на нејзината агенда со нови задачи, нови членки, нови капацитети, нови партнерства и нови начини на работење.

# *Реакција на новите закани по безбедноста*

Терористичките напади против САД од 11 септември 2001 – во кои беа употребени патнички авиони како оружје за масовно уништување – не запознаа со начинот на кој безбедносното опкружување се изменило по крајот на Студената војна и ранливоста на современото општество на новите безбедносни закани. Како одговор на ова Алијансата за првпат се повика на Членот 5 од Вашингтонскиот договор, одредбата за колективна одбрана на НАТО, обезбедувајќи политичка и практична поддршка за САД во еден критичен момент. Исто така оттогаш тие им помогнаа на САД во нивниот одговор на терористичките напади и превзедоа чекори за унапредување на капацитетите на НАТО за справување со заканите кои ги наметна меѓународниот тероризам.



Иако настаните од 11 септември 2001 беа голем шок за Алијансата, НАТО започна да ја прилагодува својата безбедносна средина неколку години пред тоа. Во 1999 година Сојузниците договорија нов стратегиски концепт. Овој документ кој ги поставува безбедносните закани со кои се соочува Алијансата и начинот на кој таа бара да се осврнеме на нив, даде опис на безбедносните ризици како "повеќенасочни и честопати тешки за предвидување" и посвети посебно внимание на заканата која ја наметнува пролиферацијата на оружје за масовно уништување и средствата за негова примена. Исто така беше јасно посочено дека на безбедносните интереси на Алијансата можат да влијаат и други ризици од поширока природа како што се терористички акти, саботажи или организираниот криминал, како и прекинот на текот на витални ресурси.

За да се одговори на заканите Алијансата превзеде серија иницијативи чија цел е подобрување на воените капацитети и подобрување на соработката меѓу членките, со земјите партнери како и со други меѓународни организации. Тие вклучуваат Иницијатива за одбранбени капацитети, програма на високо ниво претставена во 1999 година за да се ажурираат воените способности како одговор на новата безбедноста состојба; во 2000 година беше воспоставен Центар за оружје за масовно уништување во чии рамки сојузниците споделуваат информации за заканата од оружјето за масовно уништување и се обидуваат да ги координираат најсоодветните реакции; и развој на Европскиот безбедносен и одбранбен идентитет во рамките на Алијансата за да им се овозможи на европските членки на НАТО да превземат поголема одговорност на полето на безбедноста и одбраната.

◀ **Извежбување на одговор на хемски напади**



▲ **Состанок на Северноатлантскиот совет на Самитот во Прага**

Терористичките напади од 11 септември 2001 ги направија овие напори уште поитни. НАТО се зафати со сеопфатен преглед на своите активности и работни процедури. Ова кулминираше со пакет на реформи, иницијативи и програми донесени од страна на лидерите на Алијансата на Самитот во Прага во ноември 2002 година. Истовремено 14 сојузници ги распоредија своите сили во Авганистан во поддршка на операцијата раководена од САД против Ал Каеда, терористичката група одговорна за нападите и Талибанот, режимот кој им даваше засолниште, како и на мировните мисии коишто следеа, Меѓународните безбедносни сили за помош (ISAF), во Кабул. Исто така на барање на земјите членки коишто играа активна улога во оваа мисија како и за да се обезбеди континуитет, НАТО превзеде обврска да раководи со ISAF и да ги проучи можностите за други слични операции надвор од Евроатлантската област.

Иако членките на НАТО повремено не се согласуваат околу најсоодветните начини на реакција на новите безбедносни закани, сите признаваат дека таквите закани можат да произлегуваат надвор од Евроатлантската средина, и дека една организација не може да ги реши сама, ниту со примена на одбранбените структури коишто се дизајнирани да се справат со конвенционални воени конфликти. Дополнително, со заедничкото работење со други надлежни организации Алијансата мора да се прилагоди за да се соочи со новите и тешки предизвици. Како резултат НАТО премина од географски дефиниран сојуз во сојуз којшто согледува дека безбедносните закани повеќе не се ограничени на условите на нивната локација или предвидливост и е подготвена да се справи со нив секогаш кога ќе се појават.

Исто така со цел да се изгради побезбедна средина НАТО гради поблиски односи со меѓународните организации како што се Европската унија, Организацијата за безбедност и соработка во Европа, Обединетите нации дури и Светската здравствена организација, и земјите коишто не се членки, вклучувајќи ги и Русија, Украина, партнерите од евроатлантскиот и поширокиот медитерански регион.





# *Корените на Алијансата*

По Втората светска војна Источна и Западна Европа се најдоа поделени од идеолошките и политичките поделби на Студената војна. Источна Европа падна под доминација на Советскиот сојуз. Во 1949 година 12 земји од двете страни на Атлантикот ја формираа Организацијата на Северноатлантскиот договор за да му се спротивстават на ризикот од обидот на Советскиот сојуз да ја прошири својата контрола од Источна Европа во други делови на континентот.

Меѓу 1947 и 1952 година Маршаловиот план ги обезбеди средствата за стабилизација на западноевропските стопанства. Улогата на НАТО како политички и воен сојуз беше да обезбеди колективна одбрана против секакви форми на агресија и да ја одржи безбедната средина за развој на демократијата и економски напредок. Според зборовите на тогашниот претседател на САД Хари С. Труман, Маршаловиот план и НАТО беа “две половини од истиот орев”.

Земјите основачи на НАТО – Белгија, Канада, Данска, Франција, Исланд, Италија, Луксембург, Холандија, Норвешка, Португалија, Обединетото Кралство и САД – се заложија да си помогнат во одбраната на секоја од нив во случај на воена агресија против која било од нив. Преку врзувањето на Северна Америка за одбраната на Западна Европа Алијансата демонстрираше дека секаков обид за политичка и воена принуда против Западна Европа ќе биде безуспешен. Истовремено тие обезбедија националните одбранбени политики постепено да станат поинтегрирани и независни.



**▲ Поделена Европа**

**◀ Проектил од Студената војна**





До раните педесетти години од 20-тиот век развојот на настаните на меѓународно ниво, кои кулминираа со избувнувањето на Корејската војна се чинеа дека ги потврдија стравовите на Запад од експанзионистичките амбиции на Советскиот сојуз. Соодветно на тоа земјите членки на НАТО ги зголемија своите напори за развивање на воени структури потребни за имплементација на нивните напори за здружена одбрана. Присуството на северноамериканските сили на европска почва на барање на европските влади помогна во обесхрабрувањето на Советскиот сојуз во неговите размислувања дека агресијата би можела да биде успешна. Исто така како минуваше времето, се повеќе земји стануваа сојузници. Во 1952 Грција и Турција влегоа во Алијансата, три години подоцна и Сојузна Република Германија, а во 1982 Шпанија.

Преку Алијансата Западна Европа и Северна Америка не само што заеднички ја бранеа својата независност туку исто така постигнаа завидно ниво на стабилност. Навистина безбедноста што ја обезбеди НАТО се опишува како “кислород за просперитетот” што доведе до основата за европската економска соработка и интеграција. На почетокот на деведесеттите години исто така помогна и во ставањето на крај на Студената војна а со тоа и на поделбата на Европа.

▲ **Состанок на Северноатлантскиот совет во Париз**

◀ **Потпишување на Вашингтонскиот договор**



# *Крајот на Студената војна*

За време на Студената војна улогата и целта беа јасно дефинирани со постоењето на закана наметната од Советскиот сојуз. До почетокот на деведесеттите години од минатиот век Варшавскиот пакт се распадна на инсистирање на ново-ослободените земји од Источна Европа а Советскиот сојуз падна. Со исчезнувањето на традиционалните непријатели некои коментатори веруваа дека и потребата од НАТО веќе не постоеше и дека идното одбранбено ширење и инвестирање во вооружените сили може драматично да се намали.

Во очекување на распаѓањето на Советскиот сојуз многу сојузници од НАТО значително ги намалија своите трошоци за одбраната, некои дури до 25 проценти. Меѓутоа, надежите за поголема мировна дивиденда се покажаа претерано оптимистички. Наскоро стана јасно дека иако со крајот на Студената војна опасноста од воена инвазија можеби исчезна нестабилноста во некои делови од Европа се зголеми. Низа регионални конфликти честопати потпалени од етнички тензии избувнаа во поранешна Југославија и во делови на поранешниот Советски сојуз и се закануваа да се прошират. Земјите од НАТО брзо дојдоа до заклучок дека нивната решеност за колективна одбрана и соработка остварена преку НАТО и понатаму обезбедува најдобра гаранција за нивната безбедност.

◄ **Пробивање на Берлинскиот ѕид**



Исто така иако можностите за воена инвазија се намалуваа, нови форми на политичка и воена соработка беа потребни за зачувување на мирот и стабилноста во Европа и спречување на ескалацијата на регионалните тензии по крајот на Студената војна. Навистина, главните внатрешни реформи беа потребни за прилагодување на воените структури и можности за нивни опремување со нови мисии како што се кризен менаџмент, операции за чување и поддршка на мирот, дополнително на обезбедувањето на нивната континуирана способност за исполнување на нивните фундаментални одбранбени улоги.

Како одговор на новите безбедносни предизвици НАТО еволуираше од воглавно цврсто поврзан сојуз со обврски кон колективната одбрана во центар на партнерство на земјите кои блиску соработуваат на едно пошироко поле на безбедност.



▲ **Набљудување на регионален конфликт**

◀ **Тогашниот генерален секретар на НАТО Манфред Вернер на средба со советскиот претседател Михаил Горбачев**





# *Како функционира НАТО*

Еден од клучевите на трајноста на НАТО е нејзиниот процес на одлучување. Ова значи дека сите одлуки треба да бидат едногласни. Како резултат честопати се потребни долги консултации и дискусии пред да се донесе некоја важна одлука. Иако овој систем може да се чини како спор и незграпен за некој од надвор тој сепак има две големи предности. Најпрво се почитува суверенитетот и независноста на секоја земја членка. Второ кога ќе се донесе одлука таа има целосна поддршка од сите земји членки и постои решеност за нејзина имплементација.

Најважното тело во донесувањето на одлуки во НАТО е Северноатлантскиот совет во кој е претставена секоја земја членка со постојан претставник на ниво на амбасадор поддржан од национална делегација која се состои од дипломатски персонал и советници по прашања на

**▲ Подготовка за полетување**

**◀ Сесија на Северноатлантскиот совет**





одбраната. Советот се состанува на амбасадорско ниво најмалку еднаш неделно, а вообичаено почесто. Исто така постојат редовни состаноци на Советот на ниво на министри за надворешни работи, одбрана и од време на време шефови на држави и влади.

На чело на НАТО се наоѓа генерален секретар којшто се назначува на приближно четири години. Тој или таа е висок меѓународен државник од една од замјите членки. Генералниот секретар претседава со состаноците на Северноатлантскиот совет и други важни тела на НАТО и помага во градењето на консензус меѓу земјите членки. Во секојдневното раководење со активностите на Алијансата тој или таа е поддржан/а од меѓународен персонал составен од експерти и официјални лица од сите земји од НАТО.

НАТО нема сопствени вооружени сили. Повеќето сили коишто и се на располагање на НАТО остануваат под целосна национална команда и контрола додека не бидат назначени од земјите членки за превземање задачи коишто варираат од колективна одбрана до нови мисии како што се чување и поддршка на мирот. Политичките и воените структури обезбедуваат напредно планирање потребно за да се овозможи националните сили да ги спроведат овие задачи, како и организациски договори потребни за нивна заедничка команда, контрола, обука и вежба.

▲ **Градење на мостови**

◀ **Шпански пилот**





# *Градење на безбедноста преку партнерства*

Многу од главните проблеми одговорни за поделбата на Европа за време на Студената војна беа резултат на идеолошки, политички и воен антагонизам меѓу Исток и Запад. Од драматичните промени кои ја доведоа до крај Студената војна НАТО превзеде серија на иницијативи за зајакнување на безбедноста и стабилноста преку воспоставување на институции за дијалог, градење на доверба и соработка со поранешните непријатели како и други европски држави и соседни земји во поширокиот медитерански регион.

Како почетен чекор во оваа насока беше воспоставувањето на Северноатлантскиот совет за соработка во 1991 година. Откако беше преименуван во Евроатлантски партнерски совет тој стана главниот форум за консултации и соработка меѓу НАТО и земјите кои не припаѓаат на евроатлантската област.

Во 1994 година НАТО ја претстави иницијативата позната како Партнерство за мир. Ова е програма дизајнирана за да им помогне на земјите учеснички во реструктуирањето на нивните вооружени сили за да им се овозможи да одиграат соодветна улога во едно демократско општество и да земат учество во мировните операции под раководство на НАТО. Прилагодена на поединечните потреби на секоја земја, НАТО нуди можности за практична соработка во повеќе различни области овозможувајќи им на учесниците да направат сопствен избор од програмата во согласност со нивните безбедносни потреби. Активностите варираат од воени вежби и работилници до семинари и курсеви за обука.

▲ **Приклучување кон Партнерството за мир**

◄ **Контролен пункт**

Особено се става акцент врз тоа воените сили да се потранспарентни и предмет на соодветен демократски надзор и контрола. Искуството здобиено преку Партнерството за мир значително допринесе кон соработката меѓу земјите како што се Силите за стабилизација (СФОР) во Босна и Херцеговина и Силите за Косово (КФОР).

Во 1995 година НАТО го воспостави Медитеранскиот дијалог со шест земји – Египет, Израел, Јордан, Мавританија, Мароко и Тунис - во поширокиот медитерански регион. Програмата во која се приклучи и Алжир во 2000 година е насочена кон креирање на добри односи и подобрување на взаемното разбирање со земјите во медитеранскиот регион како и промовирање на регионалната безбедност и стабилност. Активностите вклучуваат иницијативи за учесниците од земјите членки на Дијалогот да земат учество на курсевите на НАТО Школата во Оберамергау, Германија и НАТО Колеџот за одбрана во Рим, Италија.



Во 1997 година НАТО и Русија и НАТО и Украина ја издигнаа својата билатерална соработка на поформална основа. Беа потпишани билатерални договори меѓу НАТО и секоја од овие земји за да се поставаат темелите на нивните идни односи. Постојаниот здружен совет на НАТО и Русија и Комисијата на НАТО и Украина беа формирани како средства за овозможување на редовни советувања и разгледување на безбедносни прашања. Темите што се разгледуваат на состаноците на овие тела се движат од мировните операции на Балканот, кризен менаџмент и непролиферација на оружјето за масовно уништување, до преобликување на одбраната, заштита на животната средина и планирање на вонредни состојби од не-воен карактер.

Во 2002 година сојузниците и Русија воспоставија подлабока и поблиска соработка со создавањето на Советот на НАТО и Русија кој го замени Постојаниот здружен совет на НАТО и Русија. Ова значеше многу повеќе промени од просто менување на името и го постави односот на целосно ново рамниште.
Со новиот форум во кој учествуваат сите земји како еднакви претседава генералниот секретар на НАТО и ги посочува борбата против тероризмот, кризниот менаџмент и непролиферацијата на оружје за масовно уништување како клучни области за соработка. Што се однесува до Северноатлантскиот совет одлуките кои ги носи Советот на НАТО и Русија се прават врз основа на консензус.

◄ Дискусии во рамките на ЕАПС







# Проширување на НАТО

Од почетокот на деведесеттите години низа источноевропски земји заклучија дека нивните идни безбедносни интереси би можеле најдобро да бидат задоволени преку приклучување кон НАТО и ја изразија својата намера за барање за членство. Три поранешни земји партнери – Република Чешка, Унгарија и Полска – станаа членки во март 1999 година, со што бројката достигна 19. На Самитот на Алијансата во Прага во ноември 2002, уште седум земји – Бугарија, Естонија, Латвија, Литванија, Романија, Словачка и Словенија – беа поканети да ги започнат разговорите за членство. Тие официјално станаа членки на Алијансата на крајот од месец март 2004 година.

Седумте нови членки и другите земји-аспиранти за членство во НАТО имаа корист од Акциониот план за членство којшто беше воспоставен во 1999 година за да им помогне на земјите партнери да се подготват за членство. Планот им нуди на земјите аспиранти практичен совет и насочена помош. За возврат од земјите аспиранти се очекува да одговорат на одредени политички цели, вклучувајќи и мирно решавање на територијалните несогласувања, почитување на демократските процедури и владеење на законот, и демократска контрола на нивните вооружени сили. Учеството во планот не нуди некаква гаранција за идно членство но им помага на земјите да ги прилагодат своите вооружени сили и да се подготват за обврските и одговорностите што членството во Алијансата ги носи.

**▲▲ Лидерите на НАТО и тогашниот генерален секретар Хавиер Солана на Вашингтонскиот самит**

**▲ Новите сојузници на мировна задача**





Владите од НАТО дадоа на знаење дека проширувањето на Алијансата не претставува цел сама по себе туку средство за понатамошно проширување на безбедноста на НАТО а Европа во целост да стане постабилна. Процесот на проширување помага во спречувањето на конфликти бидејќи самата можност за членство служи како поттик за земјите аспиранти да ги разрешат проблемите со своите соседи и да одат напред со реформите и демократизацијата.

Исто така новите членки не треба само да уживаат во бенефициите од членството туку исто така треба да се подготвени да допринесат кон севкупната безбедност на сите земји членки. Со други зборови тие треба подеднакво да придонесуваат кон безбедноста колку што и ќе конзумираат од безбедноста.

▲ **Церемонија на дигање на знамињата за новите членки**

◀ **Потпишување на протоколите за пристапување**

# НАТО на Балканот

На почетокот на распадот на поранешна Југославија, Алијансата го насочи поголемиот дел од своето внимание и енергија на Балканот. НАТО интервенираше воено за да го спречи конфликтот во три прилики – во Босна и Херцеговина во 1995, на Косово во 1999 година и во поранешната Југословенска Република Македонија* во 2001 година – и во моментов води две мировни мисии, Силите за стабилизација (СФОР) во Босна и Херцеговина и Силите за Косово (КФОР) во јужната српска покраина Косово. Обете мисии се обидуваат да гарантираат безбедна средина во која сите граѓани, без разлика на своето етничко потекло можат да живеат мирно а со меѓународна помош демократијата да може да почне да се развива.



НАТО мировниците пристигнаа во Босна и Херцеговина во декември 1995 година а на Косово во јуни 1999 година заедно со војници од повеќе земји партнери, вклучувајќи ги и Русија и Украина. Во обата региона НАТО беше многу инволвирана во кампањи за помош и значителни борби. Во Босна и Херцеговина НАТО сојузниците спроведоа воздушни операции против раководството на босанските српски сили за да го прифатат мировниот договор којшто беше договорен во Дејтон, Охајо.

СФОР има мандат на ООН не само да го одржува мирот во Босна и Херцеговина туку кога е потребно и да го зајакне. Со подобрување на безбедносната состојба бројот на трупите распоредени во Босна и Херцеговина се намали. Во исто време природата на задачата еволуираше. Денеска СФОР им помага на бегалците и на раселените лица да се вратат во своите домови и трага по осомничените за воени злосторства за да ги изнесе пред лицето на правдата. СФОР исто така допринесува кон реформите на босанската војска – поделена на крајот од непријателствата на три етнички засновани ривалски армии (босанско-муслиманска, хрватска и српска) – за да се спречи секаква можност од обновување на конфликтот.

Воената интервенција на НАТО во Косово следеше по повеќе од една година насилства коишто растеа, зголемувајќи го ризикот од ширење на конфликтот низ целиот регион, и постојани прекршувања од страна на Белград на резолуциите на Советот за безбедност на ООН кои повикуваа да се стави крај на репресијата врз албанското население на Косово. Во март 1999 година Алијансата одлучи да започне воздушна кампања против воените

◀ **Патрола на Косово**




▲ **Француски мировник во Сараево**

и паравоените структури на југословенските власти одговорни за репресијата. Одлуката беше донесена откако сите други опции беа потрошени а мировните договори повторно не успеаа да ја надминат бескомпромисноста на Белград. Соочени со неможноста на Советот за безбедност на ООН да превземе акција за да обезбеди почитување на неговите резолуции во врска со конфликтот, земјите од НАТО заклучија дека единствената опција беше да се употребат воени средства за да се спречи хуманитарната катастрофа и да се обнови стабилноста во регионот. Воздушната кампања траеше 78 дена.

И покрај интензивната политичка дебата околу интервенцијата на Алијансата превземената акција резултираше со постигнување на фундаменталните услови потребни за започнување со реконструкцијата. Тоа значеше крај на сите воени акции од страна на страните инволвирани во конфликтот; повлекување на Југословенската армија, на српската полиција и на паравоените сили од Косово; договор околу стационирањето на меѓународното воено присуство на Косово; договор за безусловно и безбедно враќање на бегалците и на раселените лица; и обезбедување на волја на сите страни да работат кон остварување на политички договор за Косово.

Мандатот на КФОР се заснова врз Воено-техничкиот договор потпишан од страна на НАТО и југословенските команданти и Резолуцијата 1244 на Советот за безбедност на ООН, и обата од јуни 1999 година. Оттука КФОР е одговорен за одвраќање на обновените непријателства воспоставувајќи безбедна средина и демилитаризација на Косовската ослободителна армија. Дополнително на тоа силите под раководство на НАТО ги поддржуваат меѓународните хуманитарни напори и работат заедно со меѓународното цивилно присуство, Привремената административна мисија на Косово (УНМИК), за да создаде стабилна средина за идниот развој на покраината.

Во поранешната Југословенска Република Македонија* НАТО реагираше во август 2001 година на барање на Претседателот на земјата за разоружување на групите на етничките Албанци чии активности се заканува по безбедноста и стабилноста на земјата. Интервенцијата следеше по политичкиот договор меѓу претставниците на заедницата на етничките Албанци во земјата и владата кој беше склучен со помош на специјални претставници од различни меѓународни организации, вклучувајќи ги и НАТО и Соединетите Американски Држави. На овој начин околу 3.500 НАТО трупи собраа околу 4.000 парчиња оружје во рамките на мисијата којашто траеше 30 дена. Оваа акција и помалото присуство на НАТО коешто следеше помогна во прекинувањето на граѓанскиот конфликт и подготовката на теренот за помирување и обнова на земјата. На барање на Скопје НАТО трупите останаа во поранешната Југословенска Република Македонија* обезбедувајќи заштита за набљудувачите од Европската унија и Организацијата за безбедност и соработка во Европа до крајот на месец март 2003 кога мисијата ја превзеде Европската унија.

* Членките на НАТО со исклучок на Турција ја признаваат Република Македонија како поранешна Југословенска Република Македонија. Турција ја признава Република Македонија под нејзиното уставно име.



# *Пошироките активности на НАТО*

Медиумското покривање на НАТО неизбежно се фокусира врз дипломатијата на високо ниво, самити на Алијансата и воени кампањи. Но поголемиот дел од работата на Алијансата се случува далеку од очите на јавноста. НАТО секојдневно е инволвирана во цел спектар на проекти коишто помагаат во подобрувањето на безбедната средина во Европа. Ова вклучува помош во реформирањето на источно-европските војски, градење на програми за преквалификација на поранешни офицери за цивилен живот и обезбедување на помош со деминирање и отстранување на застарени залихи со муниција.



Дополнително НАТО е активна во координацијата на хуманитарната помош. Во 1999 година Алијансата го отвори Евроатлантскиот центарот за координација на помошта при елементарни непогоди преку кој таа е во можност да координира вонредни состојби од не-воен карактер и операции на помош во случај на непогода, било природна или предизвикана од човек. НАТО на пример беше значително инволвирана во координацијата на доставата на помош за бегалците кои бегаа од борбите на Косово во 1999 година, им помогна на жртвите од поплави или земјотреси во низа земји вклучувајќи и неколку во Централна Европа во текот на летото 2002, и помогна на Турција да подготви мерки за вонредни состојби од не-воен карактер за заштита на своето население од можен напад со оружје за масовно уништување за време на војната во Ирак во 2003 година.

НАТО исто така има и Научна програма која ја поддржува соработката со цивилното општество меѓу научниците од земјите членки на НАТО и земјите партнери. Околу 10.000 научници годишно учествуваат на различни начини во настани и проекти поддржани преку програмата вклучувајќи иницијативи за подобрување на компјутерското поврзување во мрежа и поширок пристап до интернет меѓу истражувачката заедница од Кавказ и Централна Азија. Исто така во ворска со промената на приоритетите на НАТО по терористичките напади од 11 септември 2001 година програмата се повеќе оди во насока на поддршка на соработката на истражувачки проекти поврзани со одбраната против тероризмот и справувањето со другите закани на современото општество.

▲ **Подготовка за вонредни состојби од не-воен карактер**

◀ **Истражување на Црното море финансирано од НАТО**

# *Транс-атлантските односи*



▲ **Генералниот секретар на НАТО Јап де Хоп Шефер и американскиот државен секретар Колин Пауел**

Односот меѓу Европа и Северна Америка е во срцето на Атлантската алијанса. Со текот на годините овој однос како и секој конструктивен однос имаше свои нагорни и надолни линии и се разви во реакција на надворешните состојби коишто се менуваа.
По Втората светска војна европската економија остана осакатена со што европските членки на НАТО станаа многу зависни од САД. Претседателот Труман и другите американски креатори на политиката во времето на зачнувањето на НАТО имаа за цел не само да создадат просперитетен и демократски европски партнер туку и да помогне во градењето на една структура којашто ќе им послужи на легитимните северноамерикански безебедносни интереси. Исто така нивното раководење во овој период дејствуваше како економски и воен катализатор на обновата на Европа и послужи за канализирање на кретаивните енергии на континентот кон реконструкција и помирување и обезбеди услови коишто потоа ќе доведат до развивање на Европската унија.

Во годините на интервенирање како што зајакнуваше Европа и стануваше пообединета трансатлантските односи еволуираа во правец кој ги рефлектираше изменетите услови. Со исчезнувањето на политичката поделеност на Европа а откако Европската унија започна да развива заедничка надворешна и безбедносна политика, Европа постепено стана поважен играч во меѓународните настани. На овој начин Европската унија ја превзеде мисијата на НАТО во поранешната Југословенска Република Македонија* на крајот од месец март 2003 година.

Предаденоста на која сите сојузници се обврзуваат едни на други кога стануваат членки на НАТО што е дадено во Членот 5 од Вашингтонскиот договор, имено да се бранат меѓусебно во случај на воена агресија против која и да е од нив, на почетокот беше замислена како начин за врзување на Северна Америка за одбраната на Западна Европа. Меѓутоа за првпат во историјата на НАТО се повикаа на Членот 5 како реакција на терористичките напади против САД на 11 септември 2001 година. Оттогаш европските сојузници и Канада се обидуваат, во согласност со нивните можности, да им помогнат на САД и да ја одиграат својата улога во борбата против тероризмот.

Денеска, европските и северноамериканските сојузници формираат широка трансатлантска заедница, која се занимава со политичките, економските и безбедносни прашања. Оваа заедница се заснова врз взаемна зависност, заеднички вредности и заеднички интереси.
Додека различните национални позиции значат дека сојузниците не секогаш ќе се согласуваат со акциите коишто ќе се превземаат во нивен заеднички интерес, целта на НАТО е да ги помогне консултациите и дискусиите меѓу нив за да може да се оствари консензус секогаш кога тоа е возможно. Земјите членки на НАТО затоа работат заедно за да одговорат на трансатлантската агенда којашто постојано расте, почнувајќи од носењето мир во Југоисточна Европа и стабилизацијата на новите демократии до борба против меѓународниот тероризам и спречување на ширењето на оружјето за масовно уништување.

* Членките на НАТО со исклучок на Турција ја признаваат Република Македонија како поранешна Југословенска Република Македонија. Турција ја признава Република Македонија под нејзиното уставно име.

# *Трансформирање на Алијансата*






Со понатамошното менување на безбедносната средина Алијансата мора да се менува за да остане ефективна. Таа мора на пронајде нова рамнотежа меѓу работата на своите задачи во Европа и ангажирањето околу новите глобални закани. Таа исто така мора да се здобие со воени способности за да ги исполни своите нови мисии вклучувајќи ја и способноста да реагира брзо и флексибилно на новите предизвици. Во сите овие сфери Самитот во Прага го започна процесот на трансформација за да овозможи НАТО да биде способна да се справи подеднакво ефективно со безбедносните предизвици на 21-виот век како и со заканите во минатиот век.

Улогата на НАТО во борбата против тероризмот беше појаснета во Прага со развивањето на воен концепт против тероризмот, конкретните воени капацитети за имплементација на оваа нова мисија, договорот за Акционен план за партнерство против тероризмот, и изразената волја да се делува во поддршка на меѓународната заедница. Овие мерки ги удрија темелите на последователните акции, вклучувајќи ја и обврската за ISAF во Авганистан и поддршката за Полска да управува со сектор во Ирак.

На Самитот во Прага сојузниците направија конкретни политички заложби за подобрување на капацитетите во клучните области на современите воени операции. Штом целосно ќе се имплементира, така-нареченото Прашко ангажирање на капацитетите за четирипати ќе се зголеми во Европа бројот на авиони за транспорт на големи

▲ **Мировници од ISAF го набљудуваат Кабул**

◀ **Инаугурација на Сојузничката команда за трансформација**



▲ **Полнење на гориво во воздух**

трупи; ќе се формира флота на авиони кои полнат гориво во воздух; ќе се обезбедат повеќето сили на НАТО со висок степен на подготвеност да имаат опрема за хемиска, радиолошка, билошка и нуклеарна одбрана; и за 40 проценти ќе се зголемат залихите со муниција која се користи во воздух и е со прецизно водење а која не потекнува од САД. Истовремено Сојузниците се согласија да создадат технолошко напреднати НАТО сили за реакција способни брзо да се распоредат секаде каде што се потребни а кои ќе делуваат како катализатор фокусирајќи се и промовирајќи подобрувања во воените капацитети на Алијансата и нивна постојана трансформација. Тие го прифатија и нацртот за една нова и поефикасна воена командна структура. Во иднина НАТО ќе има стратегиска команда за операции со седиште во Белгија и стратегиска команда за трансформација со седиште во САД а со присуство и во Европа. Втората ќе биде одговорна за тековната трансформација на воените капацитети на Алијансата.

Од март 2004 година НАТО има 26 земји-членки. Меѓутоа до неодамна работните методи на организацијата останаа во голема мерка неизменети во однос на оние кои беа развиени за Сојузот од 12 членки на почетокот на педесеттите години од минатиот век. За ефективно делување во новата стратегиска средина земјите членки ја препознаа потребата од поголема флексибилност и намалување на бирократските структури. Повторно Самитот во Прага даде силен импулс во оваа насока. Бројот на комитети кој порано беше 467 беше намален за 30 проценти. Повеќе одлуки ќе се носат во подкомитетите со што Северноатлантскиот совет ќе може повеќе да се концентрира врз стратешките прашања, додека ќе ја задржи својата севкупна одговорност за процесот на одлучување во Алијансата. Процедурите за министерските состаноци исто така се насочени во правец да дадат повеќе време за важни размени. Со текот на времето овие промени се креирани така за да доведат до поажурирана и поефективна работна структура во рамките на Алијансата.

Многуте реформи, иницијативи и програми што беа договорени во Прага ќе го сочинуваат јадрото на активностите на Алијансата за наредните неколку години, со што фокусот ќе биде врз реалните мерки коишто можат да се остварат пропорционално на потребата за гарантирање на безбедноста на територијата, населенијата и силите на земјите членки на НАТО наспроти сите закани и предизвици.

# *Иднината*

Во првата деценија од 21-виот век НАТО значително еволуираше споредено со безбедносниот сојуз во 1949 година. Во текот на повеќе од половина век на постоење и Алијансата и поширокиот свет се развија на начини кои основачите на НАТО не можеа да ги предвидат. НАТО исто така се разви од институција којашто ја бранеше Западна Европа цели четири децении за време на Студената војна, па дури и ја следеше трансформацијата на Европа по Студената војна во деведесетите години.
Со интеграцијата на новите земји членки неизбежен е процесот на постојано прилагодување со цел да се прилагоди на интересите на поширокото членство без негативно да се влијае врз способноста на Алијансата да носи одлуки на време. Навистина со понатамошното менување на стратегиската состојба, темпото на еволуцијата на НАТО ќе треба да се забрза за да се одговори на опасностите.

Додека природата на заканите со кои се соочени земјите членки и начинот на кој НАТО се справува со нив се менуваат, основното начело на соработка во рамките на Алијансата останува верно на принципите на Вашингтонскиот договор. НАТО обезбедува трансатлантска политичко-воена рамка за справување со безбедносните предизвици, поврзувајќи ги европските и северноамериканските интереси како и балансирање на оние на своите земји членки.



◄ **Вежба на море**






Тековната трансформација на НАТО е дел од процесот којшто е креиран за унапредување на безбедноста на земјите членки на Алијансата и идната стабилност и просперитет во евроатлантската област во целост. По Самитот во Прага сојузниците ги интензивираа напорите за прилагодување на НАТО на денешните предизвици – бранејќи ги заедничките вредности како што се почитувањето на демократијата и човековите права; борбата против меѓународниот тероризам и заканата од пролиферацијата на оружје за масовно уништување; градењето на безбедносни мостови со Русија и Украина; понатамошното развивање на основата за блиска соработка со другите земји партнери; а кога другите патишта се исцрпени да делува како ефективен инструмент за управување со кризи и да обезбеди ефектите од конфликтот да не се прелеат преку границите или да станат закана по пошироката стабилност. Тоа е сеопфатна задача којашто зависи од поддршката на јавното мислење во земјите членки и партнери кои се слични и кои не сакаат да прифатат политика на војна и се решени да градат безбедност заснована врз разбирањето и соработката во корист на идните генерации.

▲ **Генералниот секретар на НАТО Јап де Хоп Шефер**

◀ **Нови хоризонти**

NATO
OTAN



NATO Public Diplomacy Division /
Division Diplomatie publique de l'OTAN
1110 Brussels / Bruxelles
Belgium / Belgique
Web site: www.nato.int
Site web: www.otan.nato.int
E-mail: natodoc@hq.nato.int

© NATO - 2004

Оваа брошура има за цел да и обезбеди на заинтересираната публика концизен вовед во НАТО. Дополнителни информации за НАТО можат да се најдат на веб страницата на НАТО на www.nato.int.

NATO21MAC0304